ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, Февруари 2012

## I. УСТАВЕН ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Уставниот основ за донесување на законот е член 68 став 1 алинеа 2 од Уставот на Република Македонија .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија, ќе се постигне поголемо учество на приватниот сектор во одлучувањето на агенцијата, донесувањето на годишната програма за работа на самата агенција реална за приватниот сектор, потоа ќе се воведе нова институција во форма на советодавно тело составено пред се од истакната членови на приватниот сектор, научници и лица кои ја познаваат проблематиката на туризмот и угостителството, како и можноста за формирање и управување со Туристичките развојни зони.

За развојот на туризмот, туристичката пропаганда има најголема улога, и тоа општата и комерцијалната. За успешна реализација на општата туристичка пропаганда која ја води државата, треба 3 основни елементи:

- каква туристичка пропаганда
- каде таа би се реализирала
- и како би се реализирала

Причините кои се наведени погоре наведуваат на наопходност од формирање на институција која ќе има главна задача да ја промовира државата и да дава подршка за развојот на туризмот.

Државата, преку Агенцијата за промоција и подршка на туризмот треба да го покрене развојот на туризмот на тој начин што ќе го стави во функција и комерцијалното туристичко стопанство како што се хотелите, мотелите, камповите, туристичките агенции и сите други учесници во туризмот како транспортот, ПТТ, малата економија и трговијата со производство, а сé во функција на промоција и развој на туризмот.

## I. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и други јавни финансиски средства.

## II. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО

НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот е потребно обезбедување на финансиски средства и материјални обврски за одделни субјекти, во делот на преместување на седиштето на агенцијата од Струга во Скопје.

## ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 103/08 и 156/10 ), во членот 2 во ставот 4, зборот „Струга„ се заменува со зборот „Скопје„

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„ Основни надлежности на Агенцијата се:

- унапредување и промоција на туризмот;
- професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда;
- изготвување анализи за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар;
- подготвување и реализиција на Програмата за промоција и поддршка на туризмот, која ќе ги опфати сите сегменти но и региони од туристичката понуда;
- изготвување анализи за постигнатите резултати од спроведување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот;
- спроведување постапка за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во Република Македонија.
- формирање и развивање единствен туристичко информационен систем и негово поврзување со други информативни системи во земјата и странство;
- соработување со туроператори за привлекување на што поголем број на туристи;
- соработување со приватни (домашни и странски) претприемачи и компании;
- предлагање квалитетни мерки и активности за промоција и подршка во туристички неразвиените делови на државата;
- активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство;
- обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција на туристичките вредности (штампани публикации, аудио и видео материјали, интернет презентации, сувенири и др.);
- развивање и промовирање нови интегрални туристички производи;

- соработка со надлежните институции во поглед на развојот на инфраструктурата, туристичко-културните настани, логистиката во туризмот, научно-образовната дејност и други кои придонесуваат за развој и квалитативно издигнување на туристичката понуда;
- соработка и насочување на работењето на единиците на локалната самоуправа во поглед на квалитетен одржлив развој и промоција на туристичката понуда која ќе ги вклучува и локално орагнизираните туристички настани;
- потикнува и ги координира сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и други институции од обласста на туризмот и угостителството, со цел унапредување и промоција на туризмот;
- иницира и насочува меѓуоптшинска и регионална соработка за заедничка промоција на туризмот во дадените региони;
- иницирање и реализирање меѓународна соработка со сродни организации и институции;
- учествува во привлекување инвестиции во туризмот во Република Македонија и
- врши други активности согласно законот и статутот.

Член 3

Во членот 4, по точката 3) се додава нова точка која гласи:

„4) одржливост„.

Точката 4) станува точка 5).

Член 4

Во членот 6, став 2 по алинеја 1, се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- сопствени приходи„.

Член 5

Членот 9 се менува и гласи:

„Со Агенцијата управува Управен одбор на Агенцијата, кој се состои од седум члена.

Членовите на Управниот одбор на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За членови на Управниот одбор се именуваат: еден член на предлог на министерот за економија, два члена на предлог на туристичкото стопанство и четири члена на предлог на Владата на Република Македонија.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години со право на повторен избор.

Членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок. Надоместокот го определува Владата на Република Македонија.

Членовите на Управниот одбор избираат председател на Управниот одбор на првата седница.

Управниот одбор го свикува и со него претседава претседателот на Управниот одбор.

Управниот одбор заседава најмалку еднаш на секои три месеци по барање на претседателот, една третина од членовите на управниот одбор или на директорот.

Управниот одбор може правосилно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку 5 членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови на присутните.

Член 6

По членот 17 се додаваат три нови члена 17-а, 17-б и 17-в кои гласат:

**„Совет**

Член 17-а

Директорот заради подобра изработка и реализација на Програмата за промоција и подршка на туризмот формира Совет кој се состои од петанесет члена и тоа:

-четворица претставници од туристичките стопански комори;

-седуммина претставници од туристичките здруженија, асоцијации и федерации на Република Македонија;

-двајца претставници од високообразовните институции од областа на туризмот во Република Македонија;

-еден експерт од областа туристизам и маркетинг и

-еден претставник од Здружението на Единиците на Локалната Самоуправа (ЗЕЛС).

Член 17-б

Претставниците во Советот се именуваат за две години, со право на повторен избор.

Советот го свикува и со него претседава претседател на Советот, кој се избира од редот на претставниците на советот, со мнозинство од присутните на конститутивната седница. Совет може да има и заминик – претседател, кој се избира од редот на претставниците на Советот, со мнозинство од присутните на конститутивната седница.

Советот заседава најмалку еднаш на секои три месеци по барање на директорот, претседателот на советот или една третина од претставниците.

Советот донесува одлуки со просто мнозинство од присутните.

Член 17-в

Советот ги врши следниве работи:

-соработка при изготвување на годишната програма за работа на Агенцијата и останати документи, преку изготвување стручни мислења и препораки;

-подготвува анализа на остврените резултати од имплементацијата на годишната програма на Агенцијата, со доставување стручни мислења до директорот на Агенцијата;

- подготвува истражувања и анализи, по барање на директорот на Агенцијата и по сопствена иницијатива;

-подготвува извештаи врз основа на спроведените истражувања и анализи, со препораки и насоки за преземање понатамошни активности во надлежност на Агенцијата и

-врши други работи по барање на директорот на Агенцијата“

**Преодни и завршни одредби**

Член 7

Управниот одбор од членот 5 од овој закон ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

До именување на составот на новиот управен одбор, постојниот управен одбор продолжува да ги врши своите функции.

Советот од членот 17-а ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### Оцена на состојбите и целите што треба да се постигнат со предложениот закон

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија се основа со цел да претставува интегрална целина за остварување на сите активности за унапредување и развој на туристичката дејност.

Со предлагањето на овој закон се оценува дека оваа институција ќе биде високо префесионална, флексибилна и посебно ќе делува на полето на одржливоста.. Со тоа, Агенцијата ќе има активна улога во креирањето на туристичката политика во промоцијата и создавањето на туристичкиот производ, со давање предлози за подобрување на амбиентот за поуспешно одвивање на вкупните туристички активности.

Со измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија, ќе се постигне поголемо учество на приватниот сектор во одлучувањето на агенцијата, донесувањето на годишната програма за работа на самата агенција реална за приватниот сектор, потоа ќе се воведе нова институција во форма на советодавно тело составено пред се од истакната членови на приватниот сектор, научници и лица кои ја познаваат проблематиката на туризмот и угостителството, како и можноста за формирање и управување со Туристичките развојни зони.

Агенцијата ќе се грижи за остварување на следниве надлежности:

- Унапредување и промоција на туризмот;
- професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда;
- подготвување и реализиција на Програмата за промоција и поддршка на туризмот, која содржи подпрограми за промоција и подршка на вкупниот и пооделни видови на туризам;
- обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција на туристичките вредности (штампани публикации, аудио и видео материјали, интеренет презентации, сувенири и др.);
- подготвување на објективни анализи и прогнози во врска со движењето на туристичкиот промет во функција на насочување на идни активности;
- изготвување маркетиншки анализи на домашниот и странскиот туристички пазар;
- активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство;
- формирање и развивање единствен туристичко информационен систем и негово поврзување со други информативни системи во земјата и странство;
- формирање и управување со Туристички развојни зони;
- развивање и промовирање нови интегрални туристички производи;

- комплетирање на целокупната инфраструктура во македонските туристички центри, креирање на комплетна понуда од културно забавниот живот, превозот, патните ознаки и др.;
- иницирање и реализирање меѓународна соработка со сродни организации и институции;
- предлагање квалитетни мерки и активности за промоција и подршка во туристички неразвиените делови на државата;
- учествува во привлекување на инвестиции во Туристичките развојни зони;
- соработување со светски познати туроператори за привлекување на што поголем број на туристи;
- соработување со приватни (домашни и странски) претприемачи и
- врши други активности согласно законот и статутот.

**Финансиски средства**

Потребни се финансиски средства за спроведување на овој закон, во делот на преместувањето на канцеларијата од Струга во Скопје, односно отварање на седиште-канцеларија во Скопје.